# СОЦИЈАЛНИТЕ ИНОВАЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА НАМАЛУВАЊЕ НА МЛАДИНСКАТА НЕВРАБОТЕНОСТ

*UDC: 331.57-053.81:316.422(497.7)* *Прегледен труд*

**Проф. д-р Моника Марковска[1], Проф. д-р Божидар Миленковски[1], д-р Сашо Додовски[2]**

[1]*Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола, Р. Македонија*

[2]*Младински културен центар – Битола*

**Апстракт**

Социјалните иновации заземаат централно место не само како нови начини да се идентификуваат социјалните исходи туку како шанса да се одговори на различните социјални и економски предизвици со кои се соочуваат општествата. Социјалните иновации промовираат социјални промени во економијата и општеството и играат значајна улога во развојот на социјалната економија. Во тој контекст, релевантноста на овој труд лежи во поттикнувањето и поддршка на социјалните иновации, каде што се наметнува потребата од охрабрување на синергијата меѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во Р Македонија. Целта на овој труд е да ја истакне потребата од унапредување на системската поддршка на социјалните иновации за намалување на младинската невработеност во Р Македонија преку обединување на напорите на сите засегнати страни.

**Клучни зборови**: *социјално претприемништво, социјални иновации, процес на социјални иновации, стратегии за социјални иновации, младинска невработеност*

# SOCIAL INNOVATIONS IN A ROLE OF THE REDUCING YOUTH UNEMPLOYMENT

**Abstract**

Social innovation takes a central place, not only as new ways to identify social outcomes, but as a chance to respond to the different social and economic challenges that societies face. Social innovations promote social change in the economy and society and play a significant role in the development of the social economy. In this context, the relevance of this paper lies in the encouragement and support of social innovations, where the need for encouraging synergies between the public, private and civil sector in the Republic Macedonia is imposed. The aim of this paper is to emphasize the need to improve the systemic support of social innovations to reduce youth unemployment in the Republic of Macedonia by uniting the efforts of all stakeholders.

**Key words:** *social entrepreneurship, social innovation, process of social innovation, strategies for social innovation, youth unemployement.*

## 1. Концептуална рамка на социјалните иновации

Социјалните иновации треба да се препознаат како посебен начин на дејствување и социјални промени. Следните дефиниции ги истакнуваат основните карактеристики на социјалните иновации:[1]Volfgang Zapf, претставува еден од првите автори кој започнал со концептот и типологијата на социјалните иновации. Според него, социјалните иновации претставуваат нови начини за постигнување на социјалните цели, особено преку нови организациски форми, нови регулативи и нови начини на живеење кои би покренале социјални промени и би ги решиле проблемите подобро отколку старите решенија, па затоа овие нови решенија вреди да се практикуваат и институционализираат. Една од дефинициите на Phills, Kriss and Deiglmeir е дека: „социјалните иновации претставуваат нови солуции и/или постојни солуции за решавање на социјалните проблеми што се ефикасни, ефективни и одржливи, кои примарно се фокусирани да дадат бенефиции за општеството“. Caulier- Grice et al. истакнуваат пет суштински елементи кои ги дефинираат социјалните иновации и тоа:[2] степен на новост, од идеја до имплементација, ги идентификуваат социјалните потреби, ефективност и зголемување на способноста на општеството да дејствува. Социјалните иновации се нови идеи кои ги задоволуваат социјалните потреби, создаваат општествени односи и формираат нови соработки. Овие иновации можат да бидат производи, услуги или модели за поефективно справување со незадоволените потреби. Во процесот на социјални иновации се идентификувани шест фази преку кои идеите се реализираат од почеток па сè до крајното влијание. Овие фази не се секогаш секвенцијални (во одредени случаи постои прескокнување), и помеѓу нив постојат повратни информации. Основните фази во процесот на социјални иновации се:[3] прашања, инспирации и дијагнози, предлози и идеи, прототипови, одржливост, скалирање и дифузија и системска промена.

## 2. Актуелна состојба на младинска невработеност во Р Македонија

Инклузивноста за одредени групи од популацијата, како што се младите, и понатаму останува голем предизвик за земјата. Високото учество на младите лица во категоријата невработени лица значи висок ризик од нивна социјална исклученост. Како последица на младинската невработеност, постојат докази за младинска обесхрабреност која се појавува во форма на иселување во странство, социјална исклученост, маргинализација или преземање на нелегални активности. Невработеноста во Република

[1]European Commision: Social Innovation research in the European Union, Approaches, findings and future directions, Policy Review. European Union, 2013, 10

[2] Идентично на забелешка 1, 6

[3]MurrayR., Caulier-Grice J., Mulgan G.: *The Open Book of Social Innovation*. NESTA: The Young Foundation. 2010.

Македонија не ги одминува ниту високообразованите млади луѓе. Тие млади луѓе се соочуваат со губење на стекнатото знаење (застареност на стекнатите знаења), губење на професионалните вештини и работните способности. Според проекциите на Меѓународната организација на трудот (International Labor Organization, ILO), стапката на младинска невработеност во Република Македонија за 2017 година изнесува 46,95%.[4] Имајќи го предвид фактот дека еден од сериозните проблеми е младинската невработеност, се поставува прашањето каков е трендот на младинска невработеност во Р Македонија? Стапката на младинската невработеност генерално е висока (табела 1).

Табела 1: Стапка на невработеност на населението на возраст од 15 години и повеќе, според полот и возраста, 2017

| Возраст | 2017 година | | |
|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени |
| 15-19 | 58,0 | 59,3 | 54,9 |
| 20-24 | 44,6 | 42,9 | 47,6 |
| 25-29 | 33,9 | 31,3 | 37,7 |

**Извор:**МАКстат база на податоци на Државен заводот за статистика на Република Македонија, 20

Невработеноста на младите е повеќе од двојно поголема од општата стапка на невработеност, која во 2017 година изнесува 22,4% или според возрасни групи: од 15 до 19 години изнесува 58%, од 20 до 24 години изнесува 44,6% и од 25 до 29 години изнесува 33,9%.[5] Во тој контекст се разгледуваат можности од користење на социјални иновации во форма на социјални претпријатија со кои би се подобрил пристапот до пазарот на труд, би се поттикнало самовработувањето и активирањето на пазарот на труд, посебно на младите невработени лица.

### 3. Модел на социјални иновации

Социјалното претприемништво се однесува на развој на решенија за комплексните проблеми, кои вклучуваат различни сектори. Една од предностите на социјалното претприемништво е тоа што процесот е меѓусекторски. Во Р Македонија се наметнува потребата од дефинирање на модел и методологија за развој и поддршка на социјалното претприемништво и дефинирање на улогата на социјалните иновации како основен инструмент за развој и поттикнување на социјалното претприемништво. Тоа претставува „рамка, еко-систем, политики и активности за поддршка на социјалното претприемништво и социјалните иновации“ со цел намалување на младинската невработеност во Р Македонија. Важно е да се напомни

[4]https://www.statista.com/statistics/812208/youth-unemployment-rate-in-macedonia.(20 Jan. 2019)
[5]http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat(20 Jan. 2019)

дека работењето на социјалната инклузија на ранливите категории од аспект на вработувањето претставува клучна карактеристика и фокус во Р Македонија. Во тој контекст, може да се забележат бројни иницијативи. Таквите иницијативи не се доволно и бараат системско-процесен пристап и поддршка од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор (слика 1). Моделот исто така треба да промовира култура ориентирана кон социјални иновации и поддршка на социјалното претприемништво и фокус кон неколку главни области како финансирање, време, ресурси, знаење и вештини. Овој модел само по себе нема да биде доволен за да обезбедува континуирано социјално влијание, па затоа се наметнува потребата од зајакнување на капацитетите на социјалните претпријатија. Социјалните претпријатија треба да се препознаваат како основен механизам за економски и социјален развој и претставуваат облик на организирање

Слика 1: Модел за поддршка и развој на социјалното претприемништво во Р Македонија




Сликата 1. укажува на значењето на создавање на стратегиско партнерство со пазарот на труд. Ваквото партнерство ќе создаде широка мрежа на можности и иницијативи што ќе ги поддржуваат социјалното претприемништво и социјалните иновации во намалувањето на младинската невработеност. Основните цели на предложениот модел се: промоција и поддршка на вработувањето и претприемништвото кај младите, согласно владините програми, подобрување на еко-системот на социјалните претпријатија и социјална инклузија на ранливите категории во вработувањето и општеството. Социјалното претпријатие претставува хибрид е воден од две цврсти сили. Првата, природата на посакуваната социјална промена често резултира од иновативните, претприемачки солуции. Втората, одржливоста на организацијата и

нејзините услуги бараат диверзификација на изворите на финансирање, често вклучувајќи ги заработените приходи.[6]

**Заклучок**

Предложениот модел е во функција на подобрување на социо-економскиот статус на ранливите категории. Успехот на имплементацијата на овој модел зависи од повеќе фактори меѓу кои се: постојниот систем на вредности и системот на поддршка на општеството. Важна улога играат и државата, локалната заедница, мрежата на поддршка и работодавачите. Станува збор за структрурирана поддршка на социјалните претпријатија како двигатели и генератори на социјалните иновации. Хибридите се разликуваат од профитните и непрофитните организации бидејќи нивната примарна мотивација е да ги применуваат бизнис и пазарните сили како алатки за да ги решат најголемите светски проблеми. Еден од оптималните пристапи со цел да се постигнат социјални промени е хибридниот пристап - комбинацијата на непрофитните организации и профитните бизниси. Овие хибридни модели се нарекуваат „трет сектор“, „социјална економија“.

**Користена литература**

1. European Commision: Social Innovation research in the European Union, Approaches, findings and future directions, Policy Review. European Union, 2013, 10
2. MurrayR., Caulier-Grice J., Mulgan G.: The Open Book of Social Innovation. NESTA: The Young Foundation. 2010. Tom Reis: Unleashing New Resources and Entrepreneurship for the Common Good: A Scan, Synthesis and Scenario for Action. W.K.Kellogg Foundation: January. 1999
3. https://www.statista.com/statistics/812208/youth-unemployment-rate-in-macedonia. (20 Jan. 2019)
4. http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat(20 Jan. 2019)

[6]Tom Reis: Unleashing New Resources and Entrepreneurship for the Common Good: A Scan, Synthesis and Scenario for Action. W.K.Kellogg Foundation: January. 1999.